Мнозинство македонски граѓани покажуваат **позитивни чувства кон жените** (82,6%) **лицата со посебни потреби** (80,6%), **возрасните луѓе над 70 години** (80,3%). Високи се вредностите (над 70%) и за младите под 30г., христијаните, мажите, лицата со нарушена ментална состојба и муслиманите. Ова го покажаа резултатите од последното истражување на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), „ **Ставовите и искуството со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија** “. Од друга страна, 53,5% отворено ги искажуваат своите **негативни чувства (предрасуди)** кон лезбијките, геј и бисексуалните лица, а нешто помал е процентот (46,3%) на оние кои изразуваат негативни чувства кон трансродовите лица или имигрантите (21,6%). Што се однесува на **личното искуство од предрасуди**, одговорите на оние кои рекле дека голем дел од времето се соочуваат со нив е под 10%. Меѓу оние кои **понекогаш се соочиле со предрасуди** најбројни се оние кај кои основата била полот (13,3%), потоа **политичката припадност** (11,1%) и **етничката припадност** (10,3%).


Колку удобно или непријатно би се чувствувале ако жена, лезбијка/геј или лице со попреченост е назначено за ваш шеф (%)?
0
10
20
30
40
50
60
70
80
Многу удобно/удобно
75,6
28,0
57,7
Ниту удобно ниту непријатно
18,0
26,5
28,1
Непријатно/многу непријатно
4,8
41,3
10,9
Жена
Лезбијка/геј
Попреченост


Ставови и искуство со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија